Република Северна Македонија
Универзитет „Св.Кирил и Методиј"
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр.02-4940/1
Дата 26.08.2025 год.
С к о п ј е

**До**

---------------------------------------------------

---------------------------------------------------

**Член на Наставно-научниот совет**

**Т У К А**

## П О К А Н А

Врз основа на член 114 од Законот за високото образование и член 95 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје **СВИКУВАМ, XXIII** редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, на ден **29.08.2025** година **(петок)** со почеток во **12:00 часот преку средствата за електронска комуникација (е-mail)** со следниов

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на записникот од XXII седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 06.08.2025 година, преку средствата за електронска комуникација.
2. Донесување на Одлука за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Акцискиот план за учебната 2024/2025 година.

**Напомена: Материјалите за седницата се достапни на www.medf.ukim.edu.mk се доставени на Вашата е-маил адреса (*доколку имате промена на Вашата е-маил адреса Ве молиме јавете се на тел: 3103 700*).**

Д е к а н,
Проф.д-р Светозар Антовиќ

# З А П И С Н И К

Од одржана **XXII** редовна седница на ден **06.08.2025** година, на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет-Скопје, преку средствата за електронска комуникација (преку е-маил) со праќање на повратен е-маил (reply all).

Од вкупно 150 членови на Наставно-научниот совет, по предложениот дневен ред на седницата се изјасниле 128 членови од кои (111 наставници и 17 студенти) и тоа: Светозар Антовиќ, Марија Вавлукис, Јулија Живадиновиќ Богдановска, Рубенс Јовановиќ, Симон Трпески, Светлана Цековска, Биљана Зафирова, Аце Додевски, Билјана Трпковска, Катерина Тошеска Трајковска, Ирена Костовска, Лена Какашева Маженковска, Јасмина Плунцевиќ Глигороска, Бети Дејанова, Иванка Караѓозова, Гордана Јанкоска, Елена Трајковска Докиќ, Маја Јурхар Павлова, Славица Костадинова Куноска, Магдалена Богдановска Тодоровска, Невена Маневска, Димче Зафиров, Јасмина Тројачанец Павловска, Круме Јаќовски, Мери Киријас, Бети Зафирова Ивановска, Фимка Тозија, Александар Станков, Горан Павловски, Наташа Битољану, Златко Јаќовски, Венјамин Мајсторов, Елизабета Стојовска Јовановска, Маја Јакимовска Димитровска, Соња Николова, Елизабета Србиновска Костовска, Христо Пејков, Јорго Костов, Антонио Георгиев, Гоце Спасовски, Билјана Герасимовска Китановска, Павлина Џекова Видимлиски, Лада Трајческа, Злате Стојаноски, Александра Пивкова Велјановска, Сава Пејковска, Емилија Сандевска, Маја Бојаџиоска, Лидија Петковска, Жанина Переска, Калина Гривчева Старделова, Бети Тодоровска, Снежана Марковиќ, Саша Јовановска Мишевска, Дејан Докиќ, Марија Здравеска, Констандина Кузевска Манева, Светлана Кочева, Соња Бојаџиева, Христина Бицевска Манџуковска, Данило Нонкуловски, Валентина Цвејоска Чолаковска, Ирена Кондова Топузовска, Марија Цветановска, Марија Димзова, Гордана Китева Тренчевска, Анита Арсовска, Емилија Цветковска, Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, Лилјана Китева Игњатова, Зоја Бабинкостова, Димитар Боневски, Виолета Клисаровска, Игор Стојковски, Христина Брешковска, Илир Вела, Реџеп Сељмани, Ѓорѓи Трајковски, Андреја Гавриловски, Марко Спасов, Васил Папестиев, Лазар Тодоровиќ, Шабан Мемети, Софија Пејкова, Александар Чапароски, Александра Гавриловска Димовска, Сашо Дохчев, Зоран Божиновски, Даниела Георгиева, Роза Џолева Толевска, Емилија Ѓошевска Даштевска, Јане Нетковски, Ана Данева Маркова, Сашо Стојчевски, Игор Алуловски, Елена Џикова, Кристина Скепаровска, Миле Тантуровски, Катерина Николоска, Ива Малахова Ѓореска, Андријан Карталов, Билјана Кузмановска, Марија Јовановски Срцева, Гордана Ристовска, Ериета Николиќ Димитрова, Валентина Коевска, Марија Гоцевска, Јордан Минов, Александар Петличковски, Катарина Ставриќ, Томислав Станковски, *студенти:* Едис Еминоски, Јован Костадиновски, Виктор Трајковски, Андреа Поп Ангелова, Миа Чичкариќ, Кала Дренковска, Анастасија Стевкова, Панче Ангелов, Магдалена Лазевска, Дарко Јано, Александар Недев, Јован Маркоски, Теодора Блажеска, Марија Совиновска, Теодора Андоновска, Владимир Аневски и Анамарија Паункоска.

*Членови што не се изјасниле за седницата преку е-маил*: Синиша Стојановски, Петар Јаневски, Оливер Калпак, Дафина Николова, Мери Трајковска, Силвана Наунова Тимоска, Наталија Долненец Банева, Игор Петров, Антони Новотни, Силвија Дума, Ристо Чоланчески, Огнен Костовски, Илир Хасани, Оливер Станков, Горан Димитров, Ирена Алексиоска Папестиев, Иво Ќаев, Анета Сима, Татјана Макаровска Бојаџиева, *студенти*: Филип Калаџиски, Дијана Кока Џемаили и Ива Дерибабова.

Материјалите за седницата на членовите на ННС им беа доставени на 01.08.2025 година.

Членовите на ННС со мнозинство гласови го прифатија предложениот дневен ред.

Членовите на ННС се изјаснуваа по следниов

Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на записникот од XXI седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 24.07.2025 година, преку средствата за електронска комуникација.

2. Избори по билтени

Избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет, а според Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Билтен на УКИМ бр. 1333 од 01.07.2025 година и бр.1334 од 15.07.2025 година.

---

***Ад-1. Усвојување на записникот од XX*I *редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 24.07.2025 година.***

*ННС со мнозинство на гласови го усвои записникот од* XXI редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на ден 24.07.2025 година.

---

*Ад-2*. **Избори по билтени**

Избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет, а според Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Билтен на УКИМ бр. 1333 од 01.07.2025 година и бр.1334 од 15.07.2025 година.

***За избор во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања не гласаа студентите***.

*I. Избор по билтен бр. 1334*

а) Избор на вонреден професор по предметите од наставно-научните области: физикална медицина и рехабилитација и клиничка рехабилитација, врз основа на рецензијата, а по пријава на доц. д-р Марија Гоцевска (*предложена за избор*) стр. 11-40.

**ННС со мнозинство на гласови изврши избор на доц. д-р Марија Гоцевска за вонреден професор.**

б) Избор на научен соработник по предметите од научната област дерматовенерологија, врз основа на рецензијата, а по пријава на ас.д-р Ивана Дохчева Карајованов (*предложена за избор*) стр. 41-55.

**ННС со мнозинство на гласови изврши избор на ас.д-р Ивана Дохчева Карајованов за научен соработник.**

в) Избор на научен соработник по предметите од научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и кардиологија, врз основа на рецензијата, а по пријава на насл.доц.д-р Јане Талески (*предложен за избор*), а ас.д-р Ивица Бојовски и насл.доц.д-р Саша Ќаева Анастасова *не се пиредложени за избор*, стр. 56-109.

**ННС со мнозинство на гласови изврши избор на насл.доц.д-р Јане Талески за научен соработник.**

г) Избор на асистент по предметот неврологија, врз основа на рецензијата, а по пријава на ас.д-р Теута Далипи (*предложена за избор*) стр. 110-113.

**ННС со мнозинство на гласови изврши повторен избор на ас.д-р Теута Далипи за асистент.**

**Рецензија со приговор**

а) Разгледување на приговорот на ас.д-р Дејан Тодевски по однос на рефератот од рецензентската комисија за избор на 2 наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и пулмологија со фтизиологија (*приговорот и одговорот на приговорот од рецензентската комисија* ), Билтен на УКИМ бр. 1334 од 15.07.2025 година, стр.132-135.

- Избор на доценти по предметите од наставно-научните области: интерна медицина, геријатрија, клиничко-болничка и општа здравствена нега и пулмологија со фтизиологија, врз основа на рецензијата, а по пријава на н.сор.д-р Ирфан Исмаили и ас. д-р Дејан Тодевски (*предложени за избор*), а н.сор.д-р Елена Јовановска Јанева *не е предложена за избор*, Билтен на УКИМ бр.1333 од 01.07.2025 година, стр. 208-269 и променет заклучок и предлог во Одговор на приговор, Билтен на УКИМ бр. 1334 од 15.07.2025 година, стр.134-135.

**ННС со мнозинство на гласови изврши избор на н.сор.д-р Ирфан Исмаили за доцент.**

**ННС со мнозинство на гласови изврши избор на ас.д-р Дејан Тодевски за доцент.**

| | |
|---|---|
| Записничар | Д е к а н |
| Дипл.прав. Радмила Митаноска, с.р. | Проф.д-р Светозар Антовиќ, с.р. |

**До**
**Советот за квалитет на**
**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

# Годишен извештај за реализција на Акциски план
# за учебната 2024/2025

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| Назив | МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ |
| Седиште | Ул. „50 Дивизија“ бр. 6, 1000 Скопје |
| Контакт-информации | |
| Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт-информации) | Проф.д-р Светозар Антовиќ, Декан<br>02 3103702<br>SVETOZAR.ANTOVIKJ@MEDF.UKIM.EDU.MK |
| Членови на Советот за квалитет на единицата | Проф. д-р Димче Зафиров, претседател<br>Проф. д-р Аце Додевски, член<br>Доц. д-р Васил Папестиев, член<br>Ана Вавлукис м-р.д-р. фарм. член, претставник од Алкалоид АД Скопје<br>Студент Ана Ќупева, член, претставник од ФСС |
| Учебна година за која се однесува Годишниот акциски план | 2024/2025 |
| Датум на доставување на Годишниот извештај за реализација на Акцискиот план | 25.08.2025 |
| Датум на усвојување на Годишниот извештај од страна на Наставнонаучниот совет на единицата | |
| Извештајот за реализација на Годишниот акциски план | ✓ Се доставува првпат.<br>☐ Се доставува вторпат, со корегирани технички забелешки.<br>☐ Се доставува вторпат, по завршена доработка. |

Место, Скопје датум 25.08.2025 МП Овластено лице на установата -Медицински факултет
Декан
Проф.д-р Светозар Антовиќ

| ПРЕДЛОГ КОНКРЕТНИ МЕРКИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА СЛАБОСТИТЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ДЕЈНОСТА[1] | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Мерка** | **Вредност Г1** | **Проектирана вредност Г2** | **Остварена вредност Г2** | **Резултат (остварен, делумно остварен, не е остварен)** | **Образложение** |
| М1 | Донесување на соодветен акт со кој ќе се регулира политиката за квалитет на Медицинскиот факултет | 0 | 1 акт | 1 акт | остварен | На седница на Наставно-научниот совет одржана на 24.07.2025 година на предлог на Советот за квалитет донесена е одлука со која се прифаќа Политиката за квалитет на Медицинскиот факултет кој претставува стратегија и рамка врз основа на која ќе се темели, гради, развива и реализира работењето на факултетот како и посветеноста на обезбедување на највисоко ниво на квалитетот на образовната, научноистражувачката, применувачката дејност и стручните и административни активности како определба, преку целосно спроведување на Политиката за квалитет. |
| М2 | Да се изготвуваат и доставуваат записници од работните средби со студентите и другите учесници во изработката на студиските програми, како и релевантни центри | 0* | 3* | 3* | остварен | Во тек е подготовка на нова студиска програма за интегриран прв и втор циклус на студии по општа медицина и реализирани се седум средби со студентите преку претставници на Факултетското студентско собрание кои се членови во работната група за изработка на истата.<br>Во тек е подготовка и на нова студиска програма за тригодишни стручни студии по акушерство која се изработува според Директивите на ЕУ преку работна група во која се вклучени како членови претставници од министерство за здравство, министерство за образование и наука, членови на стручни асоцијации на медицинските сестри како и претставници другите медицински факултети во РСМ и профеори на оваа програма од Медицинскиот факултет во |

* Ниво на имплеметација: 1 ниско; 2 средно; 3 високо

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Љубљана. Одржани се три средби на работната група во врска со оваа студиска програма. |
| М3 | Да се зголеми процентот на учеството на експерти од странство во изработката на студиските програми, како и усогласувањето на програмите со релевантни центри | 0 | 2 | 2 | остварен | Во тек е подготовка на нова студиска програма за интегриран прв и втор циклус на студии по општа медицина по примерот на студиската програма на овие студии на Медицинскиот факултет во Љубљана, Р.Словенија. За таа цел во подготовка на нашата студиска програма вклучени се двајца професори од тој факултет со кои во континуитет се вршат консултации. Исто така, во текот на месец Септември о.г. закажана е и посета на претставници од нашиот факултет на Медицинскиот факултет во Љубљана и средба со деканот и продеканот за настава за размена на дополнителни искуства, учество и консултации во постапката за донесување на новата студиска програма по општа медицина. |
| М4 | Да се спроведат активности за ажурирано пријавување на трудовите од страна на наставниот кадар во репозиториумот | 2* | 3* | 3* | остварен | Доставена е информација до сите членови на катедрите на факултетот и определено е лице од Библиотеката на факултетот кое секојдневно е задолжено за внесување на сите трудови објавени од лица избрани во звање на Медицинскиот факултет во репозиториумот на УКИМ |
| М5 | Додатно од страна на Медицинскиот факултет да се донесе соодветен акт со кој конкретно ќе се дефинира начинот на стимулирање и финансирање на објавувањето на трудови во референтни научни публикации, особено во публикации со висок фактор на влијание. | 0 | 1 | 1 | остварен | Деканатската управа на факултетот донесе одлука со која средствата за објавување на сите трудови кои ќе бидат објавени во референтни научни публикации со фактор на влијание, а кои што произлегуваат од научно-истражувачките проекти кои факултетот ги финансира во тригодишниот проектен период 2023-2025 година, како и трудовите кои ќе произлезат од наредниот проектен тригодишен период 2026-2028 година, ќе бидат целосно надокнадени од страна на факултетот. |
| М6 | Кај базичните | 45 | +5 | +5 | остварен | Врз основа на добиена |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | предмети, односно Институти каде што има зголемено оптоварување на наставниот и соработнички кадар, преземање на соодветни мерки и активности за регулирање на овој дисбаланс (нови вработувања во делот на соработничкиот кадар) | | вработувања на соработници | вработувања на соработници | | согласност од министерството за финансии, во текот на месец јуни о.г. вработени се 5 доктори по медицина на неопределено време на Институтите на факултетот, за кои по завршување на локалните избори ќе започне постапка за нивен избор во соработнички звања. |
| М7 | Кај клиничките предмети да се пополнат слободните места за наставен и соработнички кадар согласно систематизацијата од постоечкиот расположив кадар | 513 | 523 | 552 | остварен | Врз основа на слободни места утврдени во систематизацијата на факултетот спроведени се постапки за избор во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања на сите клинички катедри и избрани во звања се вкупно 39 нови лица вработени на Универзитетските клиники. |
| М8 | Почесто да се организираат настани, работилници каде ќе се пренесуваат наставнички и педагошки вештини, за правење на презентации, презентирање на тематски целини на повеќе начини, развиток на педагошки вештини кај наставниците. | 3 | 5 | 5 | остварен | Организирани се 5 настани и работилници за пренесување на наставнички и педагошки вештини, за правење на презентации, презентирање на тематски целини на повеќе начини, развиток на педагошки вештини кај наставниците. Исто така во предметот ,,Принципи на медицинска едукација”, кој се предава на трет циклус-докторски студии по медицина, активно се обработува оваа проблематика со студентите. |
| М9 | Донесување на конкретен, посебен акт (правилник) за финансирање, поддршка и активности поврзани со научно-истражувачката работа и меѓународната соработка за развој на науката и образованието. | 0 | 1 | 0.5 | делумно остварен | На почетокот на месец август о.г. формирана е работна група која има рок од два месеци за изработка на актот, и започнати се активности за подготовка на анализи и материјали согласно можностите на факултетот и врз основа на донесениот Стратегиски план за меѓународна соработка на факултетот за период 2024-2029 за изработка на посебен правен акт за финансирање, поддршка и активности поврзани со научно-истражувачката работа и |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | меѓународната соработка за развој на науката и образованието и истиот ќе се донесе во наредниот период. |
| M10 | Изготвување на посебен правен акт и формирање на посебно тело за научно-истражувачките проекти кое транспарентно би го следела целокупниот процес од пријавување, одобрување и завршување на проектите, како и исходот од истите (објавување на најмалку 1 труд во референтно научно списание). Во рамките на финансиските можности и зголемените трошоци, да се зголеми буџетот за овие проекти. | 0 | 1 | 0.5 | делумно остварен | Во постапка се активности за подготовка на посебен правен акт во однос на финансирањето на научно-истражувачките проекти од страна на Факултетот. До формирање на посебно тело за следење на целокупниот процес од пријавување, одобрување и завршување на проектите, како и исходот од истите, задолжен е Научниот одбор на Медицинскиот факултет во Скопје.<br>Врз основа на одлука за отпочнување на финансирање на научно истражувачки проекти на катедрите на Медицински факултет, беа издвоени вкупно 5.580.000 денари од сопствени средства за период од 3 години, почнувајќи од 2023 до 2025 година. Бидејќи овој процес е во тек, на крајот на 2025 година ќе се донесе нова одлука за финансирање на научно истражувачки проекти на катедрите за следни 3 години (2026-2028) со можност за зголемување на буџетот за овие проекти. |
| M11 | Да се покренат активности во однос на преадаптација, проширување и осовременување на постоечката студентска читална со соодветна инфраструктура и да се обезбеди простор за втора читална | 1 читална | 2 читални | 2 читални | остварен | Со обезбедена донација од Стопанска банка АД Скопје, направена е преадаптација, проширување и осовременување на нова втора студентска читална во простории на факултетот, која е ставена во употреба од 11 јуни 2025 година. |
| M12 | Да се формира Центар за кариера при Медицинскиот факултет | 0 | 1 | 1 | остварен | Наставно-научниот совет на факултетот на својата XI-та седница одржана на 28.10.2024 година донесе одлука за формирање на Центар за кариера на факултетот. |
| M13 | Да се зголеми бројот на работилници и обуки за комуникациски вештини на студентите и | 0 | 2 | 2 | остварен | Советувалиштето за студентите на Медицинскиот факултет во Скопје има остварено две работилници за комуникациски вештини за студентите во минатата |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | наставниот кадар. | | | | | година. |
| М14 | Да се организираат работилници и обуки за студентите за менаџмент на време, организација и управување со одлуки | 1 | 2 | 2 | остварен | Советувалиштето за студентите на Медицинскиот факултет во Скопје има остварено две работилници за комуникациски вештини за студентите во минатата година. |
| М15 | Да се зголеми бројот на објави на социјалните мрежи со совети за подобар менаџмент на време. | 18 | 25 | 100 | остварен | Факултетското студентско собрание на факултетот во соработка со факултетот има реализирано 100 објави на социјалната мрежа instagram и facebook со совети за подобар менаџмент на време. |
| М16 | Да се формира одбор за поддршка (алумни) и да се обезбеди функционалност на алумни заедницата. | 0 | 1 | 1 | остварен | Донесена е одлука на Деканатската управа на факултетот на седница одржана на 11.06.2025 година, за формирање, огранизација и работа на одборот за поддршка (алимни), чија основна цел е продолжување на контактите и воспоставување на соработка со студентите што завршиле студии на прв, втор и трет циклус на студии на Медицинскиот факултет во Скопје, со цел развој на медицинксите и со нив поврзаните сродни науки. |
| М17 | Да се подигне нивото на интерактивност на веб-страната на Медицинскиот факултет во одредени нејзини делови. | 2* | 3* | 3* | остварен | Изготвена е нова веб страна на факултетот која е ставена во употреба. Со новата веб страна подигнато е нивото на интерактивност на истата во сите нејзини делови. |
| М18 | Да се зголеми видливоста на факултет преку каналите за онлајн комуникација со зголемување на бројот на каналите и објавите на истите | 29 (објави) | >40 | 237 | остварен | Факултетското студентско собрание на факултетот има реализирано 237 објави на социјалната мрежа instagram и facebook со што е зголемена видливоста на факултетот. Видливоста на факултетот е зголемена и за една година на овие социјални мрежи се остварени 496.361,00 прегледи. |
| М19 | Да се додаде на веб-страната на Медицинскиот факултет посебен дел за меѓународна соработка, каде што би биле прикажани на англиски јазик | 0 | 1 | 1 | остварен | Во рамките на новата веб страна додаден е посебен дел за меѓународна соработка, и прикажани се на англиски јазик студиските програми со бројот на ЕКТС, за да можат странските студенти соодветно да |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | програмите со бројот на ЕКТС, за да можат странските студенти соодветно да планираат и донесуваат заклучоци. | | | | | планираат и донесуваат заклучоци. |
| М20 | Креирање на наставни модули, хармонизација и флексибилност кои би овозможиле поголема компатибилност со другите факултетите со кои имаме склучено билатерални договори | 0 | 1 | 0.5 | делумно остварен | Во тек е изготвување на нова студиска програма за интегриран прв и втор циклус на студии по општа медицина, со која ќе се креираат нови наставни модули кои ќе бидат хармонизирани и компатибилни со другите факултети со кои имаме склучено билатерални договори. |
| М21 | Зголемување на буџетот на факултетот кој што се издвојува за меѓународна соработка. | 996.320,00 ден | 1.200.000,00 ден | 1.230.500,00 ден | остварен | Од страна на факултетот обезбедени и искористени се финансиски средства за меѓународна соработка во висина од 1.230.500,00 денари. |

## Главни заклучоци на Извештајот

⇒ Реализацијата на Акцискиот план за учебната 2024/2025 година во голен дел е успешно завршена.
⇒ 18 од предложените 21 мерка се целосно остварени.
⇒ 3 се делумно остварени, но истите се во тек и започнати се активности за нивно завршување.
⇒ Нема неостварени мерки.
⇒Со остварување на мерките предвидени во Акцискиот план успешно и на поедноставен начин се преземени соодветни мерки и чекори во подобрување на целокупниот наставно-образовен процес и научноистражувачката работа на факултетот.

## Препораки

⇒ Едукација на наставниот кадар за примена на нови наставни методи кој што ќе го зголемат диверзитетот на испорака на теоретски и практични знаења на студентите и ќе ја зголемат интерактивноста во наставата помеѓу наставниците и студентите, а сето тоа во цел на подобрување на квалитетот на наставата.

⇒Вработување на наставен и соработнички кадар заради одржување на континуитет во градење на наставниот и соработничкиот кадар.

Совет за квалитет на Медицинскиот факултет во Скопје

1. Проф. д-р Димче Зафиров, претседател,с.р.
2. Проф. д-р Аце Додевски, член, с.р.
3. Доц. д-р Васил Папестиев, член, с.р.
4. Ана Вавлукис м-р.д-р. фарм. член, претставник од Алкалоид АД Скопје, с.р.
5. Студент Ана Ќупева, член, претставник од ФСС, с.р.